**ЗАПИСНИК**
**од четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 29.12.2021 година**

На четвртата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колко што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија**,**Лилјана Кичукова вработена во општината, Панче Киров вработен во општината, Благица Митрова вработена во општината , Станка Карајанова вработена во општината , Димитар Кречев вработен во општината, Тони Николов вработен во општината, Ристо Атанасовски претставник од Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија, Петар Јанчев вработен во општината, Томе Јанкуловски вработен во општината, Весна Хаџикојчева вработена во општината, Тони Аврамов директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, Кети Авамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Кети Авамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, Васка Ефтимова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија, Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија и Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од третата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од третата седица и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на четвртата седница на Совет ,е предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД:

1.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година,

2.Предлог-Буџет на Општина Гевгелија за 2022 година,

3.Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година,

4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2022 година

5.Предлог-Одлука за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на Општина Гевгелија,

6.Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2022 година,

7.Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2022 година,

8.Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година,

9.Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2022 година,

10.Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2022 година,

11.Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2022 година,

12.Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2022 година,

13.Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2022 година,

14.Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2022 година,

15.Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2022 година,

16.Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година,

17.Предлог-Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија за 2022 година,

18.Предлог-Програма во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2022 година,

19.Предлог-Одлука за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2022 година,

20.Предлог-Одлука за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година,

21.Предлог-Одлука за престанување со работа и ливидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ливидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" – Струмица,

22.Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2022 година,

23.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година,

24.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2022 година,

25.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2022 година,

26.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2022 година,

27.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2022 година,

28.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2022 година,

29.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2022 година,

30.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2022 година,

31.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2022 година,

32.Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2022 година,

33.Предлог-Решение за разрешување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија,

34.Предлог-Решение за именување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија,

35.Предлог-Решение за разрешување членови во Комисијата за односи меѓу односи меѓу заедниците во општина Гевгелија,

36.Предлог-Решение за именување членови во Комисијата за односи меѓу односи меѓу заедниците во општина Гевгелија,

37.Предлог-Решение за разрешување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија,

38.Предлог-Решение за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија,

39.Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија,

40.Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.

Како дополнителна точка е доставена точката:

- Предлог-Одлука за продолжување на важењето на Одлуката за измена на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Гевгелија”

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Томе Ќичуков член на Совет** – Образложи дека на комисиите беше донесена одлука точките од образованието да се стават веднаш после Буџетот .

**Миле Атанасов член на Совет**-Даде забелешка по првата точка Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година .Прашањето е дали може да се прави промена на планот за програми за развој бидејќи истиот се носи до 15 Ноември веќе е донесен и е еден од условите за да се изработи Буџетот. Па дури и ако може да се прави промена надвор од предвидениот рок во еден од членовите јасно е наведено дека промената треба да излезе во Службен гласник на општината за да биде валидна значи ако денес се донесат промените треба да излезе во Службен гласник па да се премине на работа по Буџетот инаку во Буџетот веќе се предвидени промените кои уште не се донесени и не се излезени во Службен гласник.

**Сашко Јанчев член на Совет**-даде процедурална забелешка ,согласно член 23 ,Став 1 ,алинеа 2 Статутот на Општина Гевгелија дава право да се поднесуваат иницијативи за ставање на точка на Дневен ред . Пред дваесет дена до вас уредно поднесов иницијатива за точка на Дневен ред но точката не беше ставена на Дневен ред спротивно од член 59 ,став 2 од Деловникот кој вели дека претседателот на Совет ги става сите прашања на Дневен ред кои што му се доставени од предлагачите и Градоначалникот .Точката не е ставена на Дневен ред и се надевам дека во иднина нема да ми се одзема Деловничкото право за предлагање на точки .

**Патрик Матх Претседател на Совет**- Даде одговор дека предложената точка од страна на советникот Јанчев ќе биде ставена на разгледување на наредната седница.

**Тодор Ристов член на Совет** –Побара да се даде одговор од стручните служби на прашањето на советникот Атанасов .Имаме Предлог-Одлука која што треба да ја донесеме и има важност според документите после излегувањето во Службен гласник .Како ќе ги инкорпорираме измените на Буџетот и на Програмата за градежно земјиште кога Планот за програми за развој нема да биде во важност и ќе биде во сила кога ќе се објави во Службен гласник. Токму поради овие причини бараме одговори од стручните служби за да знаеме како да се однсуваме како советници и дали е сето тоа правно издржано.

Околу предложениот Дневен ред како Советничка група на СДСМ и Коалицијата ќе искажаме конструктивност инаку доставените точки не беа комплетни согласно Деловникот за работа меѓутоа се надеваме дека на наредната седница тоа ќе биде поправено и затоа не побаравме дел од нив да бидат симнати од Дневен ред.

**Сашко Стојиловски член на Совет** –За надминување на овој проблем околу Планот за програми за развој даде предлог во согласност со службите дали

е технички изводливо во Службен гласник нека оди прво објавување на програмата а еден ден покасно нека оди објавување на Буџетот .

**Ѓорге Попов член на Совет**-Во врска со искажаните забелешки и на комисиите и на седницата консултирав литература која што ја третира оваа проблематика а тоа е Буџетскиот циркулар на единиците за локална самоуправа каде што се вели дека Советот на општините го одобрува Планот за програми за развој најдоцна до 15 Ноември и тоа беше реализирано од овој Совет .Никаде не стои дека овој термин 15 Ноември е фиксен и дека после овој термин планот не смее да трпи промени напротив стои дека одобрениот план за развој е составен дел на Буџетот на општината и за мене е оваа клучна реченица бидејќи Предлог-Буџетот е менлив ,односно неможе Предлог Буџетот да трпи промени а планот да остане фиксен и непроменлив.Сметам дека оваа точка треба да биде изгласана така како што е и дека не постои законска пречка истата да не биде денеска дискутирена.Што се однесува до објавувањето во Службен гласник се согласувам со колегата Стојилковски се работи за грешка од технички карактер кој што не ја менува суштината на одлуката која што треба да ја донесеме денес.

**Лилјана Кичукова вработена во општината** – За оваа точка не постојат законски пречки за донесување измени и дополнување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија . Планот за програми за развој беше донесен на 15 Ноември меѓутоа сите податоци за изготвување на Буџетот не бевме ги добиле и вториот допис ни е добиен на 19.11 а на 15.11 беше донесен овој план на програми кој што го прикажува капиталното инвестирање.Меѓутоа и на самиот Нацрт-Буџет во образлагањето кажав дека досега немаме склучено никакви договори за донации поради што овој план за развој требаше да претрпи измени.Исто така се консултиравме и со Министерството за финансии бидејќи прв пат вршиме такви измени и дополнувања бидејќи нема никаков договор потпишано за донаторски средства од донатори.Со самото изготвување на Буџетот развојните програми се составен дел на самиот Буџет па поради тоа нема законски пречки за донесување на овие измени и дополнувања на Планот за програми за развој.

**Миле Атанасов член на Совет**-За да немаме дилеми дали може од стручните служби од администрацијата да добиеме правен одговор за да продолжиме со работа и да знаеме дека сите одлуки што ќе ги донесеме ќе бидат валидни .

**Тодор Ристов член на Совет**-Не е спорно тоа што колегата Попов го дискутираше но тоа не е тема на разговор туку зборуваме за правни работи .Зборуваме за акт кој што ќе биде објавен утре а треба да важи денеска и во тоа е целиот проблем,Планот за развој ќе се објави утре а Буџетот ќе го донесеме денеска.

**Сашко Стојиловски член на Совет** – Сметам дека точката треба да биде на Дневен ред ,треба да се гласа ,стручните служби нека пристапат веднаш кон објавување на таа точка во Службен гласник па потоа да продолжиме со Буџетот.

**Сашко Стојиловски член на Совет**- Во врска со настанатиот проблем дали точката треба да оди на Совет ќе дадам одредено појаснување ,во член 4 од Одлуката кај што гласи оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник овој член ќе претрпи мали корекции и ќе гласи вака оваа одлука

влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен гласник на Општина Гевгелија веднаш.Од правен аспект не е спорно бидејќи го имаме член 93 од Статутот на Општина Гевгелија каде што јасно стои дека прописите кои ги донесува Советот влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник но има и одредени можности од оваа правило а тоа е Став 2 ,член 93 од Статутот ,прописите на Советот може да влезат во сила и во покус рок од осум дена доколку причините се од итен и неодложен карактер и последната алинеја од овој став доколку тоа го налагат начелата на целисходност ,рационалност,ефикасност,оперативност ,економичност и сл.Токму поради оваа сметам дека не постои никаков правен спор или проблем оваа точка да оди на Седница на Совет.

Претседателот на Совет го стави Дневниот ред на освојување и **Советот со 13 гласа за и 5 воздржани го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1**. **Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината и Сашко Сојиловски член на Совет .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за и 5 воздржани ја усвои .**

**Тодор Ристов член на Совет**-Даде предлог точките под реден број 2,3,4 и 5 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно и даде сугестија по сите точки најпрво предлагачот да си даде свое излагање и објаснување а потоа советниците да земат збор и Претседателот на Совет го стави предлогот на гласање и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 2**. **Предлог-Буџет на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките под реден број 2,3,4 и 5.

**Во расправата по точките учествуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината , Сашко Јанчев ,Виктор Кралев,Петар Апостолов ,Томе Кичуков ,Сашко Стојилковски ,Тодор Ристов ,Алексанар Пандовски, Софија Тошева-Раманчева членови на Совет и Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет образложи дека се поднесени четири амандмани и тоа три амандмани од советничката група на СДСМ и Коалицијата од кој првиот амандман е Субвенционирање на граѓани на општина Гевгелија за купување на велосипеди вториот амандман е доделување на стипендии на

студенти жители на општина Гевгелија за запишување на студии на Електротехнички и Машински факултет и третиот амандман е внатрешно уредување на младинскиот дом во Миравци.

Четвртиот амандман е поднесен од страна на претставникот од Левица и се однесува на Купување и обезбедување на опрема и машини за противпожарната единица –Гевгелија ,конкретно набавка на помало и помобилно противпожарно возило а тоа се однесува се со цел да се зголеми ефикасноста на противпожарната единица во борбата со пожари .

Во однос на четвртиот амандман Купување и обезбедување на опрема и машини за противпожарната единица –Гевгелија ,конкретно набавка на помало и помобилно противпожарно возило а тоа се однесува се со цел да се зголеми ефикасноста на противпожарната единица во борбата со пожари градоначалникот го информираше подносителот кои се донациите од Југоисточниот плански регион кои треба да следат во наредниот период а тоа се од прекуграничната соработка со Бугарија во месец Март ќе се обезбедат дваесет и седум комплетни одела за лична заштита на пожарникарите,четири грбни пумпи,една пренослива противпожарна пумпа ,противпожарно црево и една моторна пила.Од прекуграничната соработка со Грција до крајот на 2022 година е планирано набавка на мало ПП возило за гаснење на пожар и истото ќе биде предадено на Пожарната од Гевгелија.Од овие причини градоначалникот не го прифати овој амандман.

Претседателот на Совет го стави на гласање овој амандман и **Советот со 3 гласа за и 15 воздржани не го усвои.**

Во однос на првиот амандман Субвенционирање на граѓани на општина Гевгелија за купување на велосипеди Градоначалникот образложи дека средства за овој амандман се предвидени во ставката разни трансвери и ќе се реализира оваа субевнционирање односно амандманот го прифати.

Во однос на вториот амандман Доделување на стипендии на студенти жители на општина Гевгелија за запишување на студии на Електротехнички и Машински факултет Градоначалникот го прифати овој амандман но претходно ќе се направи целосна финансиска конструкција.

Во однос на третиот амандман внатрешно уредување на младинскиот дом во Миравци овој амандман Градоначалникот не го прифати заради немање на финансиски средства бидејќи во оваа година се планира реконструкција на спортската сала Партизан,внатрешно уредување на детската градинка Сончогледи и внатрешно уредување на младинскиот дом во Прдејци.

Претседателот на Совет го стави на гласање овој амандман и **Советот со 7 гласа за и 11 воздржани не го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 18 гласа за и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 17 гласа за и 1 воздржан го усвои .**

**Точка 4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2022 година**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Одлука за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на Општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Претседателот на Совет** даде предлог точките под реден број 6 и 7 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 6. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките под реден број 6 и 7

**Во расправата по точките учествуваа: Панче Киров вработен во општината ,Томе Ќичуков ,Виктор Кралев,Тодор Ристов членови на Советот и Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 7. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 8. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Благица Митрова вработена во општината .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 9. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2022 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 9 и 10.

**Во расправата по точките учествуваа: Станка Карајанова вработена во општината ,Тодор Ристов,Томе Ќичуков членови на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на Предлог-Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 10. Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 11. Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Димитар Кречев вработен во општината,Петар Апостолов,Томе Ќичуков,Билјана Демерџиева членови на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 12. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Тони Николов вработен во општината,Виктор Кралев член на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 13. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Ристо Атанасовски претставник од Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 14. Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2022 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Петар Јанчев вработен во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 18 гласа за и 1 воздржан ја усвои .**

**Точка 15. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Панче Киров вработен во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 16. Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Томе Јанкуловски вработен во општината, Александар Пандовски член на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 17. Предлог-Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Станка Карајанова вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 18. Предлог-Програма во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Петар Јанчев вработен во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 19. Предлог-Одлука за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Благица Митрова вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 20. Предлог-Одлука за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Весна Хаџикојчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 21. Предлог-Одлука за престанување со работа и ливидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ливидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" – Струмица.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за престанување со работа и ливидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ливидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" – Струмица

**Во расправата по точката учествуваа: Елизабета Сивова член на Совет ,Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за престанување со работа и ливидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ливидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња "АСТРА-ЛУНА" – Струмица и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 22. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Ѓорге Попов член на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 23. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Тони Аврамов директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 24. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Кети Авамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 25. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Сашко Стојиловски член на Совет.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 26. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци,Сашко Стојиловски член на Совет**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 27. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Васка Ефтимова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 28. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2022 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 29. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа:Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 30. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2022 година и **Советот 18 гласа за и 1 не гласал заради судир на интереси го усвои.**

**Точка 31. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 32. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2022 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Директор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 33. Предлог-Решение за разрешување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 33 и 34.

**Во расправата по точките учествуваа: Петар Апостолов,Сашко Сојиловски членови на Совет**

**Сашко Стојиловски член на Совет** –Како претседател на Комисијата за избор и именување го образложи извештајот и комисијата предложи за членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија да се именуваат лицата Мирјана Гелебешова ,Тоше Ѓоков,Марјан Пашалиски ,Лазар Лазаров,Атанас Атанасов,Томе Илков,Анита Божиновска ,Ѓоко Стамков,Васко Трајков,Магдалена Николовска и Љупчо Петров.

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 34. Предлог-Решение за именување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 35. Предлог-Решение за разрешување членови во Комисијата за односи меѓу односи меѓу заедниците во општина Гевгелија**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 35 и 36.

**Во расправата по точките учествуваа:**

**Сашко Стојиловски член на Совет** –Како претседател на Комисијата за избор и именување го образложи извештајот и комисијата предложи за членови на Комисијата за односи меѓу односи меѓу заедниците во општина Гевгелија да се именуваат лицата Венци Николов,Ѓоко Тасев,Горан Стефановиќ,Кирил Кангов и Здравко Старчев .

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 36. Предлог-Решение за именување членови во Комисијата за односи меѓу односи меѓу заедниците во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови во Комисијата за односи меѓу односи меѓу заедниците во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 37. Предлог-Решение за разрешување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 37 и 38.

**Во расправата по точките учествуваа:**

**Сашко Стојиловски член на Совет** –Како претседател на Комисијата за избор и именување го образложи извештајот и комисијата предложи за членови на Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија да се именуваат лицата Патрик Матх,Катерина Карајанова Аризанова,Василка Садикова Ковачева,Драган Бојмалиев,Лазар Мешков,Гоце Петров,Митко Алчинов,Виолета Стојановиќ,Кристијан Тодоров,Кристина Бичанин,Петар Шарков и Валентина Кошелни.

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 38. Предлог-Решение за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 39. Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 39 и 40.

**Во расправата по точките учествуваа: Томе Кичуков,Сашко Стојиловски и Петар Апостолов.**

**Сашко Стојиловски член на Совет** –Како претседател на Комисијата за избор и именување го образложи извештајот и комисијата предложи од член на Управен одбор да се разреши лицето Андон Ќурчиев а за член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија да се именува лицето Никола Аризанов.

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија и **Советот со 11 гласа за и 6 против го усвои .**

**Точка 40. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија и **Советот со 11 гласа за и 6 против го усвои .**

**Точка 41. Предлог-Одлука за продолжување на важењето на Одлуката за измена на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Гевгелија".**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката за измена на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Гевгелија".

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката за измена на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Гевгелија" и **Советот едногласно ја усвои .**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четвртата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**